701

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15 JUN 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26-701/2 | | | |


До

Националната комисија за учебници

Во согласност на одлуката на НКУ, **проф. д-р Тони Филипоски е избран за член-известител** за наставниот предмет: СОЦИОЛОГИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование. По доставување на сета потребна документација по електронски пат на 04.06.2026 г., од страна на Педагошката служба на МОН на РС Македонија, а согласно членовите 9 и 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ бр. 3 од 3.01.2025 го поднесувам следново:

# **И З В Е С Т И Е**

за ракописите на наставниот предмет: СОЦИОЛОГИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование. На Конкурсот за учебници во основно образование (бр. 26-1349/1 од 15.12.2025 г.), за наставниот предмет: **Социологија за II (втора) година** гимназиско образование, според БРО и документ бр. 09-738/3 од 14.03.2026 се пријавиле три шифрирани ракописи (под шифри **В, Г, Д**). Бирото за развој на образование во рамки на стручното мислење за добиените шифрирани ракописи доставило три куси и потполно еднакви позитивни мислења, изготвени од стручна комисија во состав: м-р Оливер Стојановски, пом. раководител на Сектор; Ирена Борисовска, советнок и м-р Илир Мемеди, советник; контролирал: м-р Афродита Давко, раководител на Одделение, одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на Сектор и потврдно потпишала м-р Милка Тримчевска, директор на БРО. На почеток паушално се наведува дека предметните ркописи се вреднувани брз основа на нивната усогласеност со наставната програма по предметот и Методологијата за вреднување на учебници.

Имено, како што наведовме претходно, Комисијата ги разгледала доставените три шифрирани ракописи (под шифри **В, Г, Д**) за учебник по предметот: **Социологија за II (втора) година** гимназиско образование и за сите три го изнесува следново еднакво мислење: „ракописот ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма и истите придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето и стандардите за оценување предвидени со нставната програма и ги исполнувакритериумите од Методологијата за вреднување на учебници за што Бирото дава **позитивно мислење**". Значи трите ракописи (под шифри **В, Г, Д**) добиваат позитивно мислење.

Од друга страна формираната рецензентска комисија (проф. д-р Константин Миноски, претседател; проф. д-р Гордана Стојаноска, член и наставник Драган Поповски, член) имаа задолжение да ги разгледаат трите шифрирани ракописи (под шифри **В, Г, Д**) кои добија позитивно мислење од БРО по наставниот предмет: СОЦИОЛОГИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование

Во *Стручното мислење за вреднување на доставените ракописи за учебник по Социологија за II година гимназиски образование* (бр. 26-466/11 од 03.06.2026 г.), потпишано од двајца рецезенти: проф. Константин Миноски и наставник Драган Поповски, се наведува дека стручното мислење ќе биде најмногу базирано на Методологијата за вреднување на учебници. Всушност на 5 (пет) страни се прави детална стручна анализа,

всушност наративна валоризација и оценување на сите три ракописи (под шифри **В, Г, Д**) според формуларот: *Образец за индивидуално вреднување на учебникот.* Ракописот за учебник под **шифра В**, во најголем дел е усогласен со наставната програма и за тоа подрачје добива просечна оцена **3.5**. Во однос второто подрачје: *Избор и приказ на содржините* ракописот под шифра В добива просечна оцена ***2.17***. Пропустите кои ги има ракописот во ова подрачје се соодветно набележани во стручното мислење. При оценување на индикаторите од 2.5.1 до 2.6.2 се дава просечна оцена од **1.5.** Следното подрачје: *Позврзаност со учењето и поучувањето* двајцата рецензенти го вреднуваат пакописот под шифра В со просечна оценка **2.1**. Во делот за ракописот под шифра В двајцата рецензенти сметаат дека ракописот за учебник по наставниот предмет Социологија за II година **НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА** согласно Методологијата за вреднување на учебници.

Ракописот за учебник под **шифра Г**, во најголем дел е усогласен со наставната програма и за тоа подрачје добива просечна оцена **3.5**. Во однос второто подрачје: *Избор и приказ на содржините* ракописот под шифра Г добива просечна оцена ***2.67***. Пропустите кои ги има ракописот во ова подрачје се соодветно набележани во стручното мислење. При оценување на индикаторите од 2.5.1 до 2.6.2 се дава просечна оцена од **1.33.** Следното подрачје: *Позврзаност со учењето и поучувањето* двајцата рецензенти го вреднуваат ракописот под шифра Г со просечна оценка **2.3**. Во делот за ракописот под шифра Г двајцата рецензенти сметаат дека ракописот за учебник по наставниот предмет Социологија за II година **НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА** согласно Методологијата за вреднување на учебници.

Ракописот за учебник под **шифра Д**, е усогласен со наставната програма и за тоа подрачје добива максимална просечна оцена **4.** Во однос второто подрачје: *Избор и приказ на содржините* ракописот под шифра Д добива просечна оцена *3.89*. При оценување на индикаторите од 2.5.1 до 2.6.2 се дава просечна оцена од **4.** Следното подрачје: *Позврзаност со учењето и поучувањето* двајцата рецензенти го вреднуваат ракописот под шифра Д со просечна оценка **3.85**. Во делот за ракописот под шифра Д двајцата рецензенти сметаат дека ракописот за учебник по наставниот предмет Социологија за II година **СОСЕМА ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА** согласно Методологијата за вреднување на учебници.

Третата рецезентка проф. д-р Гордана Стојаноска, член, поднесува издвоено мислење во прилог на кое всушност поднесува дури три документи. Во првиот документ насловен: *Издвоено мислење за шифриран ракопис по Социологија за II година* (бр. 26-466/8 од 03.06.2026 г.), всушност користејќи наративен опис на индивидуалниот формулар дава **ПОЗИТИВНА РЕЦЕНЗИЈА за ракописот под шифра Г,** без притоа да даде мислење за останатите ракописи (под шифри В и Д). Ваквото нејзино мислење е дополнително поткрепено со пополнетите три формулари: *Образец за индивидуално вреднување на учебникот*, од кои произлегува дека ракописот под **шифра Г** е вреднуван со максимална просечна **оцена 4**, а останатите два ракописи имаат пониски просечни оцени. На крајот рецензентката приложува уште еден документ: *Стручно мислење за шифрирани ракописи по Социологија за II година гимназиско образование* (бр. 26-466/9 од 03.06.2026 г.), во кое се изнесуваат кратки мислења за трите ракописи (под шифи В, Г, Д). Во документот директно не се обележува на кој ракопис му се дава предност за понатамошна постапка, туку од изложените мислења останува мојата субјективна оценка дали позитивно мислење можеби

добива ракописот под шифра Г или оној под шифра Д? Сосема на крај проф. д-р Гордана Стојаноска приложила две изјави. Во првата (од 28.05.2026) изјавува и најавува дека поради кусиот законски рок од 14 дена нема да биде во можност да изврши темелен увид на пријавени три ракописи со над 700 страни, а во втората (од 01.06.2026) под полна морална, кривична и материјална одговорност изјавува дека има најмалку 10 години работно искуство во високото образование.

Имајќи ги во предвид бројните документите од БРО и од членовите на Рецензентската комисија, истакнуваме дека стручната комисија на БРО позитивно се изјаснила за сите три пријавени и шифрирани ракописи (под шифри **В, Г, Д**) по предметот: **Социологија за II (втора) година** гимназиско образование. Трите ракописи потоа беа стручно и детално евалуирани од Рецензентската комисија, преку две различни рецензии/стручни мислења. Имено двајца од рецензентите, откако ги анализирале трите ракописи, одлучиле дека ракописот под **шифра Д СОСЕМА ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА**. Третата рецезентка приложила дури три документи, од кои во два од нив се определува за ракописот под **шифра Г**, а во еден документ децидно не се определува за ниту еден, но останува субјективниот впечаток на известителот дека позитивно се вреднувани два ракописи: под шифри Г и Д. Тројцата рецензенти не поднеле било какви забелешки. Поради ваквата состојба со добиената документација предлагам НКУ ДА ГО **ОДОБРИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ И УПОТРЕБА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ:** СОЦИОЛОГИЈА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА гимназиско образование (**под шифра Д)**

Скопје, 15.06.2026

проф. д-р Тони Филипоски,

член –известител на НКУ

-----------------------------------------